Асоцијацијата за економско истражување, застапување и донесување економски политики “Finance Think” – Скопје е посветена на вработување и соработка со високо-мотивирани, амбициозни и талентирани економисти кои се способни да размислуваат креативно за решавање на економските проблеми.

Во моментот, слободни се следните работни позиции:

1. Главен економист – 1 (еден) извршител
2. Економски аналитичари – 2 (двајца) извршители

За **работното место под реден број 1**, потребни се следните квалификации:

- Магистратура во областите на економски развој, макроекономија, финансиски систем и сродни области
- Работно искуство од најмалку 5 (пет) години во економско-финансиска област
- Познавање економетриско-статистички техники на напредно ниво
- Познавање англиски јазик и компјутерска писменост

Предност ќе имаат кандидати со:

- Докторат во горенаведените области
- Работно искуство во економско истражување (институционално или на проекти)

За **работните места под реден број 2**, потребни се следните квалификации:

- Дипломски студии во областите на економски развој, макроекономија, финансиски систем и сродни области, со просек од најмалку 8.5
- Познавање економетриско-статистички техники на интермедијарно ниво
- Познавање англиски јазик и компјутерска писменост

Предност ќе имаат кандидати со:

- Магистратура во горенаведените области
- Работно искуство во економско истражување (институционално или на проекти)

Документите кои ги докажуваат горните барања, заедно со мотивациско писмо (една страна), да се доставаат по електронски пат на info@financethink.mk најдоцна до 20.9.2013.

Првичната селекција ќе се спроведе врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на интервју.